


***Ние Македонците треба да се гордеме со Македонија – библиската земја на убавини, на мистерии и опстојувања, каде што нашите претци преживеале војни, глад, освојувачи, империи, а притоа ја зачувале волшебноста на својата татковина. Во исто време ние Македонците треба да се запрашаме за некои работи што не сме ги направиле за идните македонски генерации***

Затоа, овој пат ќе се посветиме на првите училишта по македонски јазик во Македонија, во селата Подвис, Кичевско и во Љубојно, Ресенско, кои се оставени на забот на времето. Овие први образовни центри на македонски јазик со право очекуваат посветеност на нивните општини, со цел да се зачуваат за историскиот развој на македонскиот литературен јазик на идните генерации.

За таа цел ние појдовме за Кичево каде стасавме на пладне кога и бројот на населението по улиците беше многу мал. Веројатно тоа беше сликата од жешкото време, од политичките (не)прилики, а повеќе од раширениот корона вирусот - Ковид 19. Тоа не натера со автомобилот да се прошетавме само до центарот на градот и, без застанување да се упативме кон делницата која води кон Охрид.

Како вљубеници во нашата убава земја Македонија, која е гордост, радост и тага, сон и јаве за секој патеписец, од Кичево кон Охрид  се насладувавме на се' она што го дарувала мајката Природа на овој убав македонски крај. Таму реката Треска безшумно ја дели областа Копачка и заминува кон централниот дел на Македонија, а убавите планиски венци натежнале со своето минато, сегашнот и иднина.

Брзо стасавме  до патот кој води кон селото Подвис, во кое за време на Втората светска војна, на 23 септември 1943 година, само шест дена по ослободувањето на Кичево од фашистичките окупаторски сили, во селското училиште за првпат се одржала настава на македонски јазик на слободната територија.

Таму се постави темелот за македонскиот литературен јазик, кој е дел од групата на словенските јазици од јазичното семејство на индоевропски јазици. Во период од 76 години македонскиот е службен и национален јазик во Македонија, а воедно е и официјално признат како регионален службен јазик во Горица и Пустец во Албанија, каде што живее бројно македонско население, но и во Србија како официјален во општините Јабука и Пландиште, потоа во Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Словенија, во

Романија
и
Косово
. Македонски јазик се зборува и во Австралија, Бугарија, Грција, Канада и Соединетите Американски Држави, во
Турција
, во Русија, во повеќе земји–членки на
Европската Унија
и во останатата македонска дијаспора. Вкупниот број на македонски говорници е тешко да се утврди поради несоодветни пописи, но бројката се движи од околу 2,5 до 3 милиони луѓе кои го зборуваат македонскиот јазик.

Денес старата трошна училишна зграда на првото основно училиште во кое се изведувала настава на современ македонски јазик во селото Подвис е прогласена за
споменик на културата на Македонија
. Таа е напуштената градба сместено во старото село
Подвис
, над последните куќи во селото и главната селска црква
„Свети Атанасиј“
.



[illegible]





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**